# ОПШТЕСТВЕНА ОДГОВОРНОСТ

Комисија за хартии од вредност
на
Република Северна Македонија

**АВГУСТ 2019**

**КОМИСИЈА ЗА ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ**
НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
**KOMISIONI I LETRAVE ME VLERË**
I REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT
**SECURITIES AND EXCHANGE COMMISSION**
OF THE REPUBLIC OF NORTH MACEDONIA

Сертификат за општествена одговорност

Certifikatë për përgjegjësi shoqërore

IASS- RES.C: 2020-2022

WWW.SEC.GOV.MK

# КХВ ВОСПОСТАВИ СИСТЕМ ЗА УПРАВУВАЊЕ НА СВОЈОТ ОТПАД






Комисијата за хартии од вредност на Република Северна Македонија како општествено одговорна институција се обидува секојдневно да го намали негативното влијание на нејзиниот отпад врз животната средина, а воедно да промовира одговорен однос на институциите кон хартиениот и амбалажниот отпад, овозможувајќи со тоа поквалитетен живот за сите.

За таа цел, Комисијата одлучи да воспостави систем за управување со својот хартиен и амбалажен отпад и започна секојдневно да го селектира и да го одвојува отпадот што го создава. На тој начин, хартиениот и амбалажниот отпад на Комисијата за хартии од вредност на Република Северна Македонија ќе завршува на рециклирање наместо на депониите во нашата земја.

Комисијата се одлучи на ваков чекор, пред се поради фактот дека количните на отпад кои се депонираат се зголемуваат од година на година, и поради фактот што тој депониран отпад не мирува, туку напротив во форма на метан или друг отровен гас испарува, а тоа е нешто што сите ние го дишеме, или продира длабоко во почвата која се загадува, што особено негативно влијае на сите оние земјоделски производи кои кај нас се одгледуваат, како и водите со кои се полеваат тие производи.